# Услови за продолжена гаранција

Договорни услови – 3-годишна дополнителна гаранција од BOSCH во рамките на продажната кампања со наслов **„Bosch Ви подарува: 5 безгрижни години“**, која трае од 1 април 2026 година до 30 ноември 2026 година. Продажната кампања се однесува на следните категории апарати од Bosch: вградни рерни и вградни микробранови печки, вградни фиоки за загревање, плочи за готвење, аспиратори, целосно автоматски вградни апарати за кафе, како и вградни фрижидери и вградни замрзнувачи.

Друштво кое ја издава гаранцијата:
*BSH Hišni aparati d.o.o. Nazarje*
*Savinjska cesta 30, 3331 Nazarje*
*Република Словенија*

Следните услови кои го опишуваат делокругот и условите за продолжената гаранција не ги засегаат статутарните гарантни обврски на продавачот согласно со купопродажниот договор склучен со крајниот клиент.

## 1. Делокруг на договорни услови

1.1. Во текот на продолжениот гарантен период, овластените сервисни техничари од BSH Hišni aparati d.o.o. Nazarje, Savinjska cesta 30, 3331 Nazarje, Република Словенија (во понатамошниот текст „BOSCH“) бесплатно ќе ги поправат докажаните материјални и/или производствени дефекти на апаратот наведени на гарантниот сертификат доколку BOSCH биде известен во најкраток можен рок откако истите дефекти ќе бидат откриени во периодот на важење на продолжената гаранција.

1.2. Гарантниот сервис се извршува со поправка во текот на гарантниот период, односно со поправка или замена на делови на дискреција на BOSCH. Доколку одредена поправка се докаже како неизводлива или економски неисплатлива, BOSCH ќе одлучи дали апаратот ќе биде заменет наместо поправен во рамки на гарантниот период. Заменетите делови, како и заменетите апарати, ќе бидат во сопственост на BOSCH.

1.3. Гарантниот сервис, согласно член 1.4., ги вклучува времето на работа, пристигнувањето и заминувањето, материјалот за замена и средствата за чистење, како и совет од сервисниот техничар во однос на проблемите на клиентот и управувањето.

1.4. Доколку отстранувањето на дефектот не спаѓа во рамките на делокругот на гаранцијата и постои возможност со истото клиентот да бил запознаен, во тој случај сите настанати трошоци во текот на проверката, особено трошоците за сервисни посети, ќе бидат наплатени, освен доколку клиентот не докаже дека не постои возможност да бил запознаен со истото и дека гарантното барање ќе биде невалидно земајќи ги предвид околностите.

1.5. Продолжената гаранција се применува единствено за апаратот кој е укажан на сертификатот и не може да се пренесе врз друг апарат.

1.6. Продолжената гаранција единствено е валидна во рамки на територијата на Р. С. Македонија, за производи купени од страна на потрошувачи (физички лица) во Р. С. Македонија, од правни лица регистрирани во Р. С. Македонија за употреба во домаќинството.

1.7. Сервисните услуги согласно со продолжената гаранција можат да се побараат по претставување на валиден сертификат заедно со фактура за купениот апарат (на која е наведен датумот на купување и/или достава).

## 2. Времетраење на гаранција и пренос

2.1. Продолжената гаранција веднаш ќе биде преземена од страна на BOSCH откако ќе измине двегодишната гаранција од производителот за сервисните услуги наведени во член 1, и тоа за период од 3 години. Договорот автоматски ќе заврши по изминати 3 години и нема потреба истиот да се раскинува.

2.2. Извршените гарантни сервисни услуги не опфаќаат ефект на продолжување на гарантниот период, ниту пак обновениот гарантен период ќе започне одново да се пресметува, освен во случаи предвидени со закон.

2.3. Доколку апаратот е заменет во гарантниот период во рамки на значењето на параграф 2 од член 1.2., оригиналниот сертификат ја губи својата валидност. Преостанатиот гарантен период се пренесува врз заменетиот апарат, за што се издава нов соодветен сертификат.

2.4. Кога го продавате апаратот, сертификатот кој се применува врз апаратот може да се пренесе врз новиот сопственик. Со ова не се нарушуваат договорните услови за продолжената гаранција, кои ќе важат и непроменети ќе се пренесат кон новиот сопственик. Во овој случај, нема да биде продолжен гарантниот период, ниту пак продолжената гаранција нема одново да започне да се пресметува.

## 3. Сервисни услуги кои не се опфатени и прекинување на гаранцијата

3.1. Продолжената гаранција од BOSCH нема да опфаќа гаранции во следните случаи:

- Доколку клиентот не ги следел придружните упатства за употреба на производот;
- Доколку производот бил изменуван од страна на личност без овластување од страна на производителот,
- Доколку клиентот несоодветно ракувал со производот.

BOSCH нема да биде одговорен за оштетувања кои ќе бидат предизвикани во текот на транспортот по доставата на производот, за дефекти кои настанале заради неправилна монтажа или одржување, за механичко оштетување предизвикано од страна на корисникот, како и за дефекти од пренизок или превисок напон или пак од недостаток на вода како резултат на надворешени фактори.

## 4. Добивање на продолжена гаранција

4.1. Со купување на апарат од продажната кампања, која ги вклучува следните категории апарати од Bosch: вградни рерни и вградни микробранови печки, вградни фиоки за загревање, плочи за готвење, аспиратори, целосно автоматски вградни апарати за кафе, вградни фрижидери и вградни замрзнувачи во периодот од 1 април 2026 година до 30 ноември 2026 година (датум на фактура), како и со регистрирање на апаратот и отпечатување на сертификатот преку www.bosch-promocii.mk во рок од 30 дена од датумот на купување на апаратот, клиентот добива бесплатно промотивно 3-годишно продолжување на гаранцијата.

## 5. Гаранција

5.1. Барањата што не се опфатени во рамките делокругот на продолжената гаранција, како и други барања – особено оние во однос на надомест за оштетување кое се случило надвор од апаратот – не се опфатени со продолжената гаранција.

## 6. Решавање случај на гарантно барање

6.1. Сервисните услуги се извршуваат во текот на работното време на овластените сервисни техничари на BOSCH.

6.2. При нарачување на гарантна поправка, клиентот е должен да ги обезбеди информациите кои се наведени на плочата со назив на производот. Дополнителните информации на плочата со назив на производот, како и положбата на истата на апаратот се достапни во упатството за употреба или на www.bosch-promocii.mk.

6.3. На денот на поправката, на увид на овластениот сервисен техничар, клиентот е должен да го обезбеди сертификатот и оригиналната фактура.

## 7. Останати одредби

7.1. Овие услови единствено се применуваат за продолжената гаранција од BOSCH во рамки на делокругот на продажната кампања **„Bosch Ви подарува: 5 безгрижни години"**, која трае од 1 април 2026 година до 30 ноември 2026 година.

7.2. Законските одредби кои отстапуваат, или се во спротивност, и/или ја изменуваат и дополнуваат тековната продолжена гаранција, единствено ќе бидат валидни доколку истите се изготвени во писмена форма.

7.3. Договорниот однос помеѓу BOSCH и клиентот ќе биде регулиран според законите во Р. Словенија.

7.4. Надлежноста за каков било спор што може да настане помеѓу клиентот и BOSCH се утврдува според местото на живеење на клиентот. Клиентот има право да поведе судска постапка против BOSCH пред надлежен суд согласно регистрираното седиште на BOSCH.

Март 2026 година